1433

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

За досегашните активности и состојбата со адаптацијата и реконструкцијата на Спомен-домот на Битолско-преспанскиот НОБ одред "Даме Груев" и неговиот командант Наум Веслиевски - Овчарот

Со Програмата за споменични одбележувања од НОВ и Револуцијата за периодот 1979-1985 год. , покрај другото се предвидуваше куќата на Наум Веслиевски-Овчарот во с.Златари да се преуреди во спомен-дом.

Раководејки се од ваквата определба , а имајки го предвид фактот што формирањето на Битолско-Преспанскиот одред"Даме Груев " за Преспа и пошироко е настан од посебно значење , а во историјата на тој одред и борбен пат посебно место му припаѓа на бескомпромисниот војсководач и воен командант Наум Веслиевски-Овчатот, Претседателството на Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ Ресен и Комисијата за негување на револуционерните традиции од НОВ уште од почетокот на јануари 1984 година презедоа соответни активности за реализација на овој потфат.

Така на 26.I.1984 год. Претседателството на Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ и Комисијата за негување на традициите од НОВ одржаа проширена седница на која присуствуваа претставници на општествено-политичките организации, Собранието на општината и Извршниот совет , Интересната заедница за култура, Домот за култура, месните општествено-политички организации од с.Златари , преживеани борци на одредот и членови на семејството на Наум-Веслиевски Овчарот.

На седницата беше разгледана опстојна информација за конзервација и адаптација на куќата на Наум Веслиевски-Овчарот во спомен дом на Одредот "Даме Груев" и неговиот командант Наум Веслиевски-Овчарот во с.Златари , усвоен беше Заклучок да се преземат сите потребни мерки за остварување на оваа задача за која цел беше избран и Одбор во состав. Ване Нечовски (претседател)Крсте Соколовски (заменик) и членови Димитраќи Теговски , Панде Бојковски, Александар Крстевски, Кице Јанкуловски, Кире Стојановски и Дорче Балаловски.

На 13.II.1984 год. Одборот за изградба на спомен-домот одржа Прв состанок на кој расправаше за претстојните задачи за изградба на спомен домот. Меѓу другото беше заклучено претставници на Општинскиот одбор на СЗБ да извршат усогласување на ставовите по ова прашање со ЦК на СКМ и Републичкиот одбор на СЗБ од НОВ на Македонија, до крајот на февруари оваа година овие органи добиена беше безрезервна поддршка.

Како второ беше прашањето за обезбедување на средства за оваа цел и се завзеде становиште да се разгледаат можностите за начинот и изворите од кои би се обезбедиле потребните финансиски средства.

На вториот состанок на одборот кој се одржа на 29.III.1984 год. разгледан беше проектот и другата техничка документација завземен беше став да се по најхитен пат расчистат имовинско-правните односи со куќата , да се изготви финансиска конструкција на средствата, со тоа што се имаат предвид можности за средства од буџетот на Собранието на општината , средства од месниот самопридонес, распишување на нов месен самопридонес , средства од ОЗТ и други извори. Меѓутоа како најприфатлива се оцени алтернативата да се преку самоуправна спогодба обезбедат средства во висина од 1% на нето личните доходи од вработените за 1о месеци од годината. Покрај ова во согласност со ОПО и СО , СИЗ на становање обезбеди сума од 25о.ооо ст.дин. која е веќе пренесена на сметката за изградба на спомен-дом.

Со оглед да за спомен-домот постоеше и поддршка и интерес во СЗБ од НОВ Битола , обезбедени се контакти и дадена е нивна подка дека и тие финансиски ке ја помогнат оваа акција , меѓутоа износот на нивната помош не е фиксиран.

На 27.о4.1984 год. одборот за изградба на спомен-домот во Златари избра Комисија во состав: Ване Нечовски, Александар Крстевски и Кице Јанкуловски со задача да изготви програма за спомен-домот. Потоа да се одржи состанок со претставници на општествено-политичките организации, Собранието на општината , организациите на здружен труд и други заинтересирани фактори на кои ке се запознаат со содржината на проектот , намената на спомен-домот и комплетната техничка документација. Таквиот состанок се одржа на 2о мај 1984 год.

Веднаш по тоа се пристапи кон изготвување на самоуправна спогодба за учество во финансирањето на реконструкцијата и адаптацијата на спомен-домот . Во првата верзија од спогодбата беа опфатени само ОЗТ од стопанските дејности и одделни ОЗТ од нестопанските дејности. Така да при разгледувањето на истата ставени беа забелешки да се опфатат и ОЗТ од нестопанските дејности .

Втората верзија на самоуправната спогодба им беше доставена на сите ОЗТ и други институции , заедно со покана за потпишување на истата на 13 јуни 1984 год. За жал одзивот за потпишувањето на спогодбата беше сосема слаб, иако повеќе ОЗТ телефонски и усно не известија дека терминот што бил одреден за потпишувањето не им бил погоден и дека се расположени за потпишување на спогодбата.

Согласно член 7 од самоуправната спогодба Домот на културата, Стопанската банка , Агроплод , Преспатекс, ЗК"Преспанско Јаболко" РО"Преспа и"Југотутун" определено беше да делегираат по еден член за состав на заедничката комисија за спроведување на самоуправната спогодба. Досега писмено сме известени дека се делегирани членови од Југотутун Кире Проевски од РО "Преспа" Димитар Доревски , Преспатекс Ѓорѓи Прцуловски , Домот на културата Кице Јанкуловски . [illegible]

Покрај ова претставници на Општинскиот одбор на СЗБ од НОВ Ресен и на Одборот за изградба на спомен-домот извршија посета на покрупните ОЗТ во општинава во кој водеа разговори за обезбедување на средства согласно спогодбата. ОЗТ зедоа обврска дека во најскоро време ќе го извршат потпишувањето на спогодбата и стразмерно со можностите ќе дадат свое учество од личните доходи како и во материјали. На пример ШИП"Преспа" се обврзува да обезбеди граѓа за целата дрвна конструкција потребна за спомен домот , Водна заедница да обезбеди 1оо вреќи бетон и околу 4о $m^2$ песок , Галеб -Преспатрнас да учествува со сопствени транспортни средства за превоз на градежни материјали и други транспортни услуги , Југосуровина на сметката на спомен домот да пренесе два и пол милиони стари динари, и сл.

На 5.IX.1984 год. до градежните работни организации со деловници во Ресен беше упатен акт под број 125 со кој побаравме да достават до 15.IX.1-84 год. понуди за реконструкција и адаптација на спомен домот. Од нивна страна се до крајот на септември оваа година немавме никакво известување за превземање обврска за изведување на градежни работи. Во текот на октомври претставник на домот на културата има Општинскиот одбор на СЗБ НОВ Ресен ги посетија одговорните на градилиштата во врска со давање на нивни понуди. Меѓутоа се до денес тие не пројавуваат никаков интерес.

Деновиве стапивме во контакт со комуналната работна организација "Пролетер" од Ресен и очекуваме во најкусо време да добиеме понуда за превземање на објектот за конзервација и адаптација.

21.XI.1984 год.
Ресен

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ ОД НОВ РЕСЕН
Претседател,
Мите Суклевски